# ИНФОРМАТОР ЗА **ДИСКРИМИНАЦИЈА**

2020

**МАЈ**

Нееднаквиот третман кон определено лице или група на лица поради нивните лични карактеристики претставува дискриминација. Основите, видот и областите во кои дискриминацијата се забранува најдетално се опфатени со Законот за спречување и заштита од дискриминација. Прифаќањето на различностите и заштитата од дикриминација се многу важни за напредокот на секое општество. Од овие причини Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Хелсиншкиот комитет ги набљудуваат случаите на дискриминација, активностите на државата и останатите здруженија на граѓани во делот на превенцијата и заштитата од дискриминација. Информаторот ги прикажува податоците од набљудувањето во текот на еден месец.

## Случаи на дискриминација

Нееднаков третман овој месец **3**

### ОБЛАСТ

| | | |
|---|---|---|
| 1 работни односи | 1 образование | 1 социјална сигурност |
| 0 здравство | 0 пристап до добра и услуги | 0 домување |
| 0 медиуми | 0 избирачки права | 0 друго |

## Реакции

Реакции овој месец **12**

### ВИД НА РЕАКЦИЈА

| | | |
|---|---|---|
| 0 осуда од функционери | 12 соопштение од здр. на граѓани | 0 протест |
| 0 мислења на Народен Правобранител | 0 мислења на Комисија за заштита од дискриминација и Државни институции | 0 останато |

### ПРЕВЕНЦИЈА

Активности на ДИ **1**

Активности на здрж. на граѓани **0**

## Карактеристики на жртвата:

| род | родов идентитет | пол | сексуална ориентација | етничка припадност | попреченост | корисници на дроги | друго |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 0% | 0% | 0% | 0% | 0% | 66.66% | 33.33% | 0% |

### ПОВЕЌЕКРАТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА

| | |
|---|---|
| Кумулативна | 0 |
| Интерсекциска | 0 |

### ОБЛИК НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

| | |
|---|---|
| Директна | 3 |
| Индиректна | 0 |
| Вознемирување | 0 |

### СУДСКИ ПОСТАПКИ

| | |
|---|---|
| Тековни судски постапки | 1 |
| Позитивни пресуди | 0 |
| Негативни пресуди | 1 |

СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО 2020




## СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ОД МАЈ 2020

### СЛУЧАЈ:

Сепак, во текот на месец мај, во медиумите беа објавени вести за две убиства на жени од страна на интимен партнер, во Арачиново и во Скопје. Фемицидот, или убиството на жена само затоа што е жена, претставува најтешка форма на насилство врз жената, која е една од водечките причини за прерана смрт кај жените на глобално ниво. Секој акт на родово базирано насилство врз жените, вклучително и фемицидот, претставува повреда на човековите права и форма на дискриминација врз жените, признато како такво и од Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулска Конвенција). Родово базираното насилство, како манифестација на историски нееднаквите односи на моќ меѓу жените и мажите има структурна природа и е еден од главните општествени механизми кои доведуваат до дискриминација и доминација врз жените од страна на мажите и до нивно спречување во целосното напредување во сите сфери на општественото живеење. Според истражувањата од страна на Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство (2018) во нашата земја, во повеќе од 80% од случаите убиството се случило во заедничкиот дом или доколку била отпочната постапка за развод, во домот на родителите на жртвата. Во најголем дел од случаите убиството е извршено од страна на сегашен или поранешен партнер. Оттука, имајќи предвид дека најчестиот вид на фемицид се случува како последица на семејно насилство, домот претставува место на страв и насилство за многу жени и деца, што значително доаѓа до израз во случаите на изолација за време на пандемијата. Кога семејното насилство останува непријавено или пак, релевантните институции на жртвата не ѝ ја обезбедуваат соодветната заштита, поголема е веројатноста дека насилството ќе резултира со фемицид. Во нашата држава фемицидот не е препознаен како посебно кривично дело во Кривичниот законик и се квалификува како потежок облик на убиство, кога е сторено при вршење на семејно насилство. Оттука, останува проблематичен недостатокот на официјални статистички податоци за фемицидите, за кои најчесто дознаваме од известувањата и податоците на медиумите.

Вонредната состојба не смее да биде изговор за повреда на човековите права на жените, а особено правото на живот и правото на живеење без насилство. Спречувањето на фемицидите подразбира преземање на сите неопходни чекори на сите нивоа на општеството. Поради тоа, Хелсиншкиот комитет за човекови права потенцираше дека од особена важност овој период е државите да пристапат кон изнаоѓање на нови и креативни решенија за поддршка и заштита на жртвите, а со крајна цел спречување на потенцијалните фемициди.[1]

[1] Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство, во која членува и Хелсиншкиот комитет, побара Владата да донесе итни мерки за заштита на жените и децата жртви на семејно насилство додека трае состојбата. Имено, Мрежата реагираше на тоа што дотогаш донесените мерки и препораки целосно ги изоставија жртвите на семејно насилство, односно жените и децата кои се под голем ризик на семејно насилство. Во барањето, Мрежата ги претстави и образложи ризик факторите за зголемување на семејното насилство и за негово отежнато пријавување и достави конкретни предлог мерки преку кои Владата треба да овозможи заштита на жртвите на семејно насилство во услови на оваа криза.

### СУДСКА ПРАКСА:

Во случајот Макучијан и Минасијан против Азербејџан и Унгарија[2], Европскиот суд за човекови права утврдил дека Азербејџан го повредила членот 14 (забраната за дискриминација) во врска со членот 2 (правото на живот) од Европската конвенција за човекови права.

Во конкретниот случај станува збор за лице осудено за убиство кое било помилувано и пуштено на слобода откако било префрлено во Азербејџан од Унгарија, каде дотогаш ја издржувал казната затвор. Р. С. е воен офицер од Азербејџан, кој во 2004 година во Унгарија извршил убиство на еден ермenski воен офицер и сторил обид за убиство на уште еден.

Судот утврдил дека жалителите успешно покажале prima facie основа за повреда на забраната на дискриминација, со тоа што преземените мерки од страна на Азербејџан во корист на Р. С. потврдуваат расистички мотив. Р. С. бил помилуван веднаш откако бил вратен во Азербејџан, без официјално барање или спроведување на постапка. Тој бил унапреден и без основа му биле доделени одредени бенефиции, што значело одобрување на неговите противправни постапки од страна на надлежните власти. Дотолку повеќе, Судот ги имал предвид изјавите на службениците во Азербејџан кои Р. С. го нарекувале патриот и херој, како и делот на веб-страната на Претседателот на Азербејџан кој му бил посветен нему. Судот ги осудил овие изјави со кои била изразена поддршка за Р. С. и неговите злосторства против ерменските војници, а воедно сметал дека самото постоење на веб-страната укажува на тоа дека Р. С. бил помилуван токму поради мотивот на неговиот напад кој имал пристрасен карактер врз етничка основа.

[2] Makuchyan and Minasyan v. Azerbaijan and Hungary (application no. 17247/13)

### РЕСУРСИ:


1. Агенција за фундаментални права (ФРА) „Пандемијата предизвикана од Коронавирусот во ЕУ – Импликации за фундаменталните права – Втор месечник“ –

https://fra.europa.eu/en/publication/2020/-covid19-rights-impact-may-1

2. Агенција за фундаментални права (ФРА) „Долг е патот до целосна еднаквост на ЛГБТИ луѓето“ –

https://fra.europa.eu/sites/default/files/fra_uploads/-fra-2020-lgbti-equality_en.pdf

3. Еквинет „Лицата со попреченост: заглавени во институциите, заборавени од владите“ –

https://equineteurope.org/2020/persons-with-disabilities-locked-up-in-institutions-forgotten-by-governments/

4. Еквинет „Ефектот на КОВИД-19 врз постигнување еднаквост: Еквинет воспоставува нова онлајн датабаза“ –

https://equineteurope.org/2020/covid-19-impact-on-equality-equinet-launches-new-online-database/

5. ОХЦХР „САД: Манипулирајќи со кризата предизвикана од КОВИД-19 властите го ограничуваат пристапот до абортус“ –

https://www.ohchr.org/EN/NewsEvents/Pages/DisplayNews.aspx?NewsID=25892&LangID=E

6. ОХЦХР „Владите мора да ги заштитуваат правата на мигрантите за време на пандемијата и после неа“ –

https://www.ohchr.org/EN/NewsEvents/Pages/DisplayNews.aspx?NewsID=25904&LangID=E

7. ОХЦХР „КОВИД-19 ги уништува домородните заедници во светот и тоа не само во однос на здравјето“–

https://www.ohchr.org/EN/NewsEvents/Pages/DisplayNews.aspx?NewsID=25893&LangID=E

8. Мрежа за заштита од дискриминација „Прирачник за практиката на Европскиот суд за човекови права“ –

https://mhc.org.mk/publicationsanalyzes/prirachnik-za-praktikata-na-evropskiot-sud-za-chovekovi-prava/

9. Мрежа за заштита од дискриминација „Реакција по укинувањето на Законот за спречување и заштита од дискриминација“ –

https://mhc.org.mk/news/reakcija-po-ukinuvanjeto-na-zakonot-za-sprechuvanje-i-zashtita-od-diskriminacija/

10. Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство „Преглед на преземени итни мерки и чекори за заштита на жените и децата жртви на семејно насилство од надлежните институции“ –

https://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/19-05-2020-pregled-na-prevzemeni-itni-merki-i-chekori-za-zashtita-na-zhenite-i-detsata-zhrvi-na-semejno-nasilstvo-od-vladata-i-nadlezhnite-institutsii-2/

11. Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство „Два фемициди за неполни две недели се знак дека системот потфрла во справувањето со семејното и родово базираното насилство“ –

https://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/dva-femitsidi-za-nepolni-dve-nedeli-se-znak-deka-sistemot-potfrla-vo-spravuvaneto-so-semejnoto-i-rodovo-baziranoto-nasilstvo/


Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа **Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА **МАКЕДОНИЈА**

ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:
**+389 (0)2 3119 073 / 078 252 812**